ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Општина Штип

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметка на основен буџет- 637

**Цел на ревизијата:** Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со релевантната законска регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**

- неправилности во градежната документација и ставање во употреба на градбите без извршен технички преглед;
- со програмите се предвидуваат проекти без вредносни показатели.
- вршени се исплати за активности кои не се предвидени со програмите
- невоспоставена контрола на реализацијата на програмски активности од страна на ЈП и трошењето на доделените средства на спортски клубови и непрофитни организации;
- вршени се набавки на услуги за продукција без поткрепувачка документација;
- невоспоставена евиденција на набавката и потрошокот на екстра лесно масло за греење

**Издадено мислење*:**

неповолно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со законската регулатива.

**Клучни препораки:**

- обезбедување комплетна документација за извршени градежни работи и почитување на процедурите предвидени со Законот за градење
- утврдување на вредносни показатели на проектите во програмите и зајакнување на контролните механизми на реализација на програмите
- вршење на контрола на наменско користење на доделени средства на ЈП, спортски клубови и непрофитни организации
- плаќање на фактури само врз основа на приложени докази за реално извршена услуга
- воспоставување евиденција на потрошокот на екстра лесно масло за греење

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:** Не се добиени забелешки на Нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор број 26-121/10 од 07.09.2022 година

***** позитивно, со резерва, неповолно, воздржување